РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
Управа за електронско здравство
Бр. 04-281/1
15.06. 2023 год.
Скопје

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија" бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010, 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 и 27/2016). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 139/2005 и У. бр. 161/2005 од 21 и 22 декември 2005 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2006; У. бр. 134/2005 од 29 март 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2006; У. бр. 187/2005 од 10 мај 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2006; У. бр. 111/2006 од 24 јануари 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2007; У. бр. 188/2006 од 4 април 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2007; У. бр. 170/2006 од 6 јуни 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 77/2007; У. бр. 200/2008 од 13 мај 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2009; У. бр. 20/2009 од 13 јануари 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2010; У. бр. 176/2009 од 14 април 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2010; У. бр. 263/2009 од 22 септември 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија' бр. 132/2010, У. бр. 62/2013 од 28 мај 2014 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 106/2014 и У. бр. 114/2014 од 29 јуни 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 134/2016.Согласноста за вработување од Министерството за финансии бр. 18 —1489/2 од 07.02.2023 година, Управата за електронско здравство - Скопје објавува:

# Ј АВ Е Н О ГЛ АС

за вработување на (1 ) дипломиран правник на определено време

1.**Управата за електронско здравство има потреба за вработување на определено работно време**:

**1.1 ( 1 ) дипломиран правник**

2.**Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

3. **Покрај со закон утврдени општи услови кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни улови**:

За кандидатот под точка 1.1

-ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации, завршено високо образование со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен Vll/1 степен, Правни науки

-со и без работно искуство во струката

4. **Општи работни компетенции за кандидатот**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој

- комуникација

- остварување резултати

- работење со други/тимска работа

- стратешка свест

- ориентираност кон странките/засегнати страни

- **Посебни работни компетенции за кандидатот под точка 1.1**

- активно познавање на компјутерски програми

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски)

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

5. **Почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време - распоредот на работното време**;

- Работни часови неделно 40

- Работни денови понеделник-петок

- Работно време од 08:00 до 16:00

6. **Паричен нето износ на плата**:

Основна нето плата за дипломиран правник изнесува 40.000,00 денари.

7.**Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги доставаат следните документи**

За кандидатот под точка 1.1
-пријава со податоци за контакт
-кратка биографија (CV)
-Диплома или Уверение за завршено образование дипломиран правник
-уверение за државјанство на Република Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар - уверение дека не е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност, оригинал или фотокопија заверена на нотар, потврда за општа здравствена состојба, доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски), доказ за познавање на компјутерски програми

8.**Рокот за пријавување на јавниот оглас е 5 (пет) дена од денот на објавувањето**.

9. **Рокот во кој Ќе се изврши избор . Јавниот оглас завршува со избор, неизбор или со истекот на рокот од ставовите (1) и (2) утврдени во член 23 од Законот за работни односи**.

10.**Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Управата за електронско здравство**.

11. **Податоци за работодавачот (назив, седиште, телефон, лице за контакт и адреса за доставување на апликациите).**

- Назив на работодавачот - Управа за електронско здравство

Седиште - ул.5О Дивизија 14 А,Скопје
Телефон за контакт 071320399
Лице за контакт Елица Стојаноска -
Адреса за доставување на апликациите - ул.5О Дивизија 14 А,Скопје

12. Пријавата со целокупната потребна документација, да се достават до Управата за електронска евиденција во здравство со седиште на ул.5О Дивизија 14 А Скопје , по пошта или лично во архивата на Управата за електронско здравство, а со назнака за Јавен оглас за вработување.

Управа за електронско здравство – Скопје
В.Д Директор,
Рефик Мустафи